ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот Друштво за производство трговија и услуги ЗВЕРОТИЌ ФРУИТ извоз-увоз ДООЕЛ Црквино Велес, поднесен од доверителот Друштво за економско правни услуги МИСТ-МИ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Велес како предлагач, по одржаното рочиште за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот на ден 05.09.2024 година, во присуство на полномошникот на должник, адвокат Драган Јорданов од Велес, полномошникот на предлагачот адвокат Душко Петров од Велес и привремениот стечаен управник Весела Петрулева од Велес, на ден 05.09.2024 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОТВОРА стечајна постапка над должникот Друштво за производство трговија и услуги ЗВЕРОТИЌ ФРУИТ извоз-увоз ДООЕЛ Црквино Велес со седиште на Населено Место без уличен систем Црквино, Велес со единствен матичен број на субјектот 6860249, со единствен даночен број 4004013509999, со жиро сметка бр.210068602490176 во НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 46.31 - Трговија на големо со овошје и зеленчук, па истата поради немање имот не се спроведува и СЕ ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението должникот да се брише од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија и другите регистри.

Решението да се објави во Службен весник на Република Северна Македонија, на огласна табла и веб страница на судот и да се достави до Централен регистар на РСМ.

Трошоците на стечајната постапка ги поднесува предлагачот, а СЕ УТВРДУВААТ во вкупен износ од 25.000,00 денари.

О б р а з л о ж е н и е

До овој суд од страна на доверителот Друштво за економско правни услуги МИСТ-МИ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Велес како предлагач, поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство трговија и услуги ЗВЕРОТИЌ ФРУИТ извоз-увоз ДООЕЛ Црквино Велес, по што е заведен стечајниот предмет СТ.бр.10/24.

Во предлогот, предлагачот наведе дека има парично побарување спрема должникот во износ од 61.500,00 денари со камата сметано од 15.02.2024 година и трошоци во износ од 7.908,00 денари, врз основа на извршна исправа-решение за издавање на нотарски платен налог бр.109/24 од 30.04.2024 година, за што е во тек извршување пред извршител Мики Лазаров од Велес. Видно од Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки од ЦР на РСМ, состојбата на ден 09.07.2024 година е дека должникот е неспособен за плаќање бидејќи во период од 45 дена не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање, односно неговата жиро-сметка е блокирана. Во прилог на предлогот се доставени писмени докази за основаноста на

побарувањето и за состојбата на сметки.

Со решение СТ.бр.10/24 од 05.08.2024 година, судот поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот, закажа рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, определи мерки за обезбедување, именуваше привремен стечаен управник и истовремено го задолжи да изготви писмен извештај за економско-финансиската состојба на должникот и да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, односно дали должникот е неспособен за плаќање и дали има имот кој е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

На одржаното рочиште за испитување на услови за отворање на стечајна постапка, предлагачот преку полномошник наведе дека останува кон предлогот за поведување на стечајна постапка, во кој се наведува дека жиро сметката е блокирана повеќе од 45 дена, должникот нема имот, ниту побарувања од кои би можело да се создаде стечајна маса. Предлага стечајната постапка да се отвори и поради немање на имот да се заклучи. Го видел извештајот од привремениот стечаен управник и се согласува со наведеното во истиот.

На одржаното рочиште за испитување на услови за отворање на стечајна постапка, полномошникот на должникот наведека дека е запознат со содржината на извештајот од привремениот стечаен управник и нема забелешки на истиот.

На истото рочиште привремениот стечаен управник наведе дека врз основа на анализа од прибавената документација констатирала дека должникот бил регистриран во 2013 година од страна на лицето Алмир Зверовиќ од с. Црквино Велес. Во друштвото должникот вложил паричен влог во висина од 308.000,00 денари, обавувал дејност трговија на големо со овошје и зеленчук во една деловна банка НЛБ Банка. Дејноста ја обавувал до 2023 година која истата ја завршил со загуба од 184.327,00 денари, во 2024 година до денес нема деловна активност, прикажал расходи од 1.984.772,00 денари. Според проибавената докумтација должникот не поседува никаков движен или недвижен имот, моторни возила, нема заложени предмет во заложниот регистер, не поседува акции или било какви хартии од вредност, нема удели во други друштва. Според книговодствената евиденција должникот има побарување по основ на платен данок од 38.487,00 денари која е од незначителна вредност за покривање на трошоците на стечајната постапка. Книговодствено вкупните обврски на должникот изнесуваат 624.158,00 денари, а целокупното работење го завршил со вкупна загуба од 898.053,00 денари. Од овие причини предлага на Основниот суд Велес стечајната постапка на должникот да се отвори, да не се спроведува бидејќи должникот не поседува имот од кој би можеле да се намират трошоците на стечајната постапка како и да се створи потенцијална стечајна маса со кој би се намириле обврските спрема доверителите и истата да се заклучи.

Од наводите на полномошникот на предлагачот, полномошникот на должникот и привремениот стечаен управник, како и од изведените докази на рочиштето за испитување на услови за отворање на стечајна постапка и тоа од увид во тековна состојба на сметки на субјект добиена од регистар на трансакциски сметки од 09.07.2024 година на ЦР на РСМ, тековна состојба од 25.04.2024 година на ЦР на РСМ, тековна состојба за предлагач од 25.04.2024 година на ЦР на РСМ, барање за извршување од 24.06.2024 година, налог за извршување од 24.06.2024 година И бр. 569/2024 на Извршител Мики Лазаров од Велес, решение за издавање НПН бр.109/24 од 30.04.2024 година, уверение од 06.08.2024 годинха на

АКН, извадок од Сл.Весник на РСМ бр.176 од 23.08.2024 година, заклучен лист - аналитика за период од 01.01 до 04.09.2024 година, податоци за учесник во платен прометод 05.09.2024 година на НЛБ АД Скопје, потврда од 04.09.2024 година на ЦР на РСМ- Заложен регистар и регистар за лизинг, потврда за издадена информација од Регистар за лизинг, информација за поврзани субјекти- тековна состојба од 04.09.2024 година на ЦР на РСМ, уверение од 30.08.2024 година на АКН, биланс на успех за период од 01.01. до 31.12.2023 година, биланс на состојба на ден 31.12.2023 година, потврда од 20.08.2024 година на ЦДХВ АД Скопје, потврда од 03.09.2024 година на МВР, биланс на состојба на ден 31.12.2022 година, биланс на успех за период од 01.01. до 31.12.2022 година, биланс на успех за период од 01.01. до 31.12.2021 година, биланс на состојба на ден 31.12.2021 година, заклучен лист - аналитика за период од 01.01. до 31.12.2020 година, за период од 01.01. до 31.12.2021 година, за период од 01.01. до 31.12.2022 година, за период од 01.01. до 31.12.2023 година и извештај за економско финасиска состојба на должникот изготвен од привремен стечаен управник., па по нивна севкупна оцена судот го утврди следното:

Според тековната состојба издадена од ЦР на РСМ од 25.04.2024 година, должникот ДПТУ ЗВЕРОТИЌ ФРУИТ ДООЕЛ Црквино Велес е запишан во трговскиот регистар при Централниот регистар на РСМ на ден 29.03.2013 година со ЕМБС 6860249 и ЕДБ 4004013509999 со сметка во деловна Банка НЛБ Банка со бр.2100686602490176. Согласно тековната состојба друштвото според големината спаѓа во микро претпријатија и организационен облик 05.4 – ДООЕЛ со основачки паричен влог од 308.000,00 денари, со деловен статус активен Приоритетна дејност-главна приходна шифра е 46.31 – Трговија на големо со овошје и зеленчук. Овластено лице за застапување на друштвото е Амел Зверотиќ од Црквино Велес.

Според Тековната состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки издадена од Централниот регистар на РСМ од 09.07.2024 година, должникот поседува една трансакциска сметка со бр. 210068602490176 при НЛБ Банка АД Скопје – Флијала Велес и истата е блокирена повеќе од 45 дена

Според Известување издадено од Република Северна Македонија - Агенција за катастар на недвижности, заведено со број 1108-192/2024 од 06.08.2024 година, должникот не е запишана во катастарот на недвижности како носител на право на недвижности.

Според потврда издадена од Министерство за внатрешни работи –Оддел за граѓански работи - Отсек за управни работи Велес, заведена со рег. бр.12-1.6-7/413 од 03.09.2024 година, при проверка во евиденцијата на АОП системот на ОУР Велес, е констатирано дека должникот не поседува моторно возило.

Според Потврда на Централниот депозитар за хартии од вредност на РСМ заведена со бр. 08-3024/2 од 20.08.2024 година, со состојба на ден 20.08.2024 година, должникот не е евидентиран како имател на хартии од вредност.

Според потврда за издадена од Централниот регистар на РСМ во резултатите од пребарувањето според заложниот должник, издадена од 04.09.2024 година, должникот не е пронајден во ниту еден регистриран документ.

Од страна на Централниот регистар на РСМ издадена е информација за поврзани субјекти (овластени лица,органи на управување, сопственици во други субјекти) заведена со бр. 020-50/150020240307669 од 04.09.2024 година, според

која за должникот не се евидентирани записи во единстведниот трговски регистар и регистарот на други правни лица.

Според извештајот за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот изготвен врз основа на расположивата книговодствена документација од привремен стечаен управник Весела Петрулева од Велес, должникот редовно доставувал Завршни пресметки за целиот период од формирањето на друштвото во 2020 до 2023 година и заклучен лист за 2024 год. Работењето на должникот е прикажано во Табела 1, така што во 2020 година должникот остварил добивка во износ од 1.057.927,00 денари, во 2021 година остварил добивка во износ од 346.566,00 денари, во 2022 година остварил добивка во износ од 100.479,00 денари, во 2023 година остварил загуба во износ од 184.327,00 денари за 2024 година остварил загуба во износ од 1.984.772,00 денари. Како извор на податоци користени се завршните пресметки-биланс на успех за период од 2020 година до 2023 година и заклучен лист за 31.08.2024 година. Должникот за анализираниот период 2020-2024 година не поседува недвижен имот, нема подвижни предмети заложени во заложниот регистар, нема моторни возила, нема акции, нема удели во други друштва. Должникот според книговодствената евиденција има побарувања по основ на повеќе платен данок од 38.487,00 денари кој износ е од незначителна вреднoост и е недоволен за покривање трошоците на стечајната постапка. Според податоците од расположивата документација и увидот на лице место смета дека должникот нема имот, нема побарувања од купувачи, не располага со никава залиха на роба, истиот е нерентабилен и неспособен за плаќање, поради што жиро/ските на должникот се блокирани подолг период. Од увид во книговодствената документација контастирано е дека должникот целокуопното работење го завршил со вкупна загуба од 898.053,00 денари. Кај должникот вработено лице е самиот управител. Според податоците од расположивата документација и увидот на лице место смета дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот (член 5 ст.1 и 2 од Законот за стечај) и предлага врз основа на член 68 став 1 од Законот за стечај, стечајната постапка да се отвори и да не се спроведе, бидејќи должникот не поседува имот од кој може да се намират трошоците на стечајната постапка и обврските спрема доверителите.

*При вака утврдената состојба следуваше судот да го усвои предлогот на предлагачот и да одлучи како во изреката на решението од следните причини:*

Согласно чл.51 ст.3 од Законот за стечај, предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот - правно лице, во име на должникот, може да поднесе секое лице овластено за застапување на правното лице по закон, како и секој ликвидатор.

Во овој случај предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од страна на доверител како предлагач.

Според чл.68 ст.1 од Законот за стечај, доколку по спроведената претходна постапка привремениот стечаен управник утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, меѓутоа истата не може да се спроведе поради тоа што должникот нема имот или имотот кој би влегол во стечајната маса е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка, или е со незначителна вредност, стечајниот судија носи решение за отворање на стечајна постапка и нејзино заклучување и наложува бришење на должникот од регистарот во кој е запишан. Во овој случај стечајната постапка не се спроведува.

Во конкретниот случај од утврдената состојба по однос на состојбата на имотот на должникот која произлегува од увид во изведените докази на рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка, а особено од извештајот за финансиско-економската состојба на должникот изготвен од привремениот стечаен управник на должникот, судот ја утврди основаноста на наводите за инсолвентност на должникот и непостоење на имот кој би влегол во стечајната маса заради намирување на доверителите, ниту за покривање на трошоците на стечајната постапка, при што во конкретниот случај судот утврди дека станува збор за презадолжен правен субјект со лоша финансиска состојба, без можности истата да се надмине, а според извештајот на привремениот стечаен управник побарувањето во износ од 38.487,00 денари е од незначителна вредност и е недоволно за покривање на трошоците на стечајната постапка, па спроведувањето на стечајната постапка не би ја постигнало целта на колективно намирување на доверителите на стечајниот должник.

Со оглед дека судот недвосмислено утврди дека се исполнети законските претпоставки за отворање на стечајна постапка над должникот, но истовремено истата не може да се спроведе од причина што не постои должников имот што би влегол во стечајна маса и кој би бил доволен и за намирување на трошоците на стечајната постапка, по спроведување на претходната постапка следуваше да одлучи како во изреката на решението, согласно чл.68 ст.1 од Законот за стечај, врз основа на која одредба в.в. и со ст.4 од истиот член и закон, судот наложи и бришење на должникот од регистарот во кој е запишан, по правосилноста на решението.

Одлуката на судот за објавување на решението во Службен весник на Република Северна Македонија, на огласна табла и веб страница на судот и доставување до Централен регистар на РСМ судот ја донесе врз основа на чл.68 ст.2 од Законот за стечај.

Согласно чл.53 ст.5 од Законот за стечај, уплатениот аванс влегува во трошоците на стечајната постапка.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ. 10/24 од 05.09.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА: Согласно чл.68 ст.4 од Законот за стечај, против ова решение доверителите имаат право на жалба во рок од 8 дена од денот на објавувањето во Службен Весник на Република Северна Македонија, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.
Согласно чл.12 ст.8 в.в. ст.1 од Законот за стечај, жалбата не го задржува извршувањето на решението.

ДН:
- Привремен стечаен управник Весела Петрулева од Велес
- должник - преку полномошник
- предлагач - преку полномошник
- огласна табла и веб страна на судот
- ЦРРСМ РРК Велес
- ОЈО Велес
- АКН Велес

- МВР-СВР Велес
- МФ УЈП РД Прилеп
- Извршители и нотари за подрачје на Велес -преку службен е-маил

По правосилноста на одлуката, да се достави до: НЛБ Тутунска Банка АД Скопје